РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.-Nr. 10-753/1
11.06 2019 год.-viti
ЈЕГУНОВЦЕ-JEGUNOVC

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Скопје**

Предмет: **Извештајот за искористување на доделените средства како финансиска подршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители**

Почитувани,

Во прилог на дописот Ви го доставуваме Извештајот за искористување на доделените средства како финансиска подршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители, согласно член 11 став 3 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен Весник на Република Македонија" бр.209/2018).

Општина Јегуновце има пријавено доспеани,а неплатени обврски во ЕСПЕО системот, заклучно со 30.09.2018 година во вкупен износ од 1.857.966,00 и тоа:

- општина Јегуновце во вкупен износ од 1.613.316,00 денари
- ОУДГ "Јаболчиња"-Јегуновце во вкупен износ од 40.890,00 денари
- ООУ "Александар Здравковски "-Јегуновце, во вкупен износ од 18.930,00 денари
- ОУ "Симче Настовски "-Вратница, во вкупен износ од 164.219,00 денари и
- ОУ " Шемшово "-Шемшово , во вкупен износ од 20.611,00 денари

од кои 51%, односно 947.563,00 денари се префрлени на посебна сметка на општина Јегуновце, 731014098378970.

Општина Јегуновце согласно член 8 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен Весник на Република Македонија" бр.209/2018), објави Јавен повик до доверителите на Општина Јегуновце и доверителите на единките корисници основани од Општина Јегуновце, од областа на образованието, детската и социјалната заштита, за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања со архивски број 05-1726/1 од 10.12.2018 година.

На Јавниот повик се пријавија два доверители и тоа:

- Пелагонија АД Гостивар и
- ЕВН АД МАКЕДОНИЈА

и со истите се направени Записници за утврдување на износот на доспеани, а неплатени обврски, каде доверителите не побараа камата, но исто така не дадоа намалување на обврските.

Согласно член 11 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен Весник на Република Македонија" бр.209/2018), средствата се дадени на користење на општина Јегуновце со посебна изјава од секоја единка корисник:

- Изјава од ВД ОУДГ "Јаболчиња"-Јегуновце, бр.05-22/1 од 11.02.2019 год
- Изјава од Директорот на ООУ "Александар Здравковски "-Јегуновце, бр. 0302-36 од 15.02.2019 година,
- Изјава од Директорот на ОУ "Симче Настовски "-Вратница, бр.03-2011 од 18.02.2019 година
- Изјава од Директорот на ОУ " Шемшово "-Шемшово , бр.0302-77 од 15.02.2019 година.

Советот на општина Јегуновце за овие финансиски средства, донесе Одлука за за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски бр.08-266/9 од 28.02.2019 година.

По завршувањето на процесот на преговори и направени записници, Градоначалникот на општина Јегуновце изготви Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и истиот е одобрен од страна на Советот на општина Јегуновце со Одлука бр.08-266/10 од 28.02.2019 година.

Средствата обезбедени како финансиска подршка за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општините и единките корисници во висина од 947.563,00 денари се исплатени во целост и тоа на:

- Пелагонија АД Гостивар во висина од 308.000,00 денари и
- ЕВН АД МАКЕДОНИЈА, во висина од 639.563,00 денари.

Овој извештај ќе биде објавен на веб страницата на општина Јегуновце согласно член 11 став 4 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен Весник на Република Македонија" бр.209/2018).

**Прилог:** - Јавен повик до доверителите на Општина Јегуновце и доверителите на единките корисници основани од Општина Јегуновце, од обласа на образованието, детската и социјалната заштита, за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања со архивски број 05-1726/1 од 10.12.2018 година.

- Записник за водење на преговори со доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските, односно намалување на обврските за општината бр.05-127/2 од 31.01.2019 година со Пелагонија АД Гостивар

- Записник за водење на преговори со доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските, односно намалување на обврските за општината бр.05-128/2 од 01.02.2019 година со ЕВН АД МАКЕДОНИЈА;

- Изјавата на раководното лице на ОУДГ "Јаболчиња" од Јегуновце, бр.05-22/1 од 11.02.2019 год, примена во Општина Јегуновце под бр. 03-237/1 од 19.02.2019 година

- Изјавата на раководното лице на ООУ "Александар Здравковски" од Јегуновце, бр. 0302-36 од 15.02.2019 година , примена во Општина Јегуновце под бр. 03-236/2 од 19.02.2019 година;
- Изјавата на раководното лице на "Симче Настовски" од Вратница, бр. 03-2011 од 18.02.2019 година, примена во Општина Јегуновце под бр.03-236/1 од 19.02.2019 година;
- Изјавата на раководното лице на, ОУ "Шемшово" од Шемшово бр.0302-77 од 15.02.2019 годинаа , примена во Општина Јегуновце под бр. 03-236/3 од 19.02.2019 година;
- Одлука за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, бр.08-266/9 од 28.02.2019 година;
- Одлука за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски бр.08-266/10 од 28.02.2019 година ;
- Извод бр. 21 од 19.03.2019 година и
- Извод бр.44 од 06.06.2019 година

Изработил
Дарко Спасоски

Градоначалник
Дарко Блажески